# Активности на О2 Иницијатива во 2020 година

- Формирање на зелена интерпартиска парламентарна група во Собранието

На наша иницијатива, лобирање и организација, формирана е интерпартиска парламентарна група, која како цел ќе ја има заштитата на природата и борба против загадувањето и климатските промени. Во парламентарната група се вклучија 42 пратеници кои припаѓаат на 9 политички партии и независни пратеници.
Формирана е и Вибер група за полесна и навремена комуникација со пратениците.

Изготвени предлог-измени на Законот за прекршоци, за да се зголемат казните од обласста на животната средина. Одржани онлајн средби со пратениците на кои се дискутираше за предложените измени на законот за прекршоци, предлогот за надзорна расправа „Несправување со аерозагадувањето, граничните вредности за PM10 согласно Законот за квалитет на амбиентниот воздух не се достигнати и после 9 години од законскиот рок", заклучоците од јавната расправа „Енормно загадување на амбиентниот воздух во Република Македонија" одржана на 27.11.2018 во Комисијата за транспорт, врски и екологија, и ретроспектива што е направено, какви мерки се преземени, какви се резултатите и што може да се направи сега, две години подоцна, предлог за пратенички прашања и предлог-амандмани на Предлог-Буџетот за 2021 година.

- Се приклучивме кон кампањата „Разбистри сè" на Институтот за комуникациски студии за да ја подобриме состојбата со водите, нивната заштита и да го ограничиме неконтролираното искористување на природните ресурси. Започнавме анализа на Законот за водите и Законот за минерални суровини, во експертски работни групи.

- Член на Интерсекторската работна група за следење на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и дефинирање на соодветни препораки и мерки кои треба да се преземат за подобрување на квалитетот на воздухот при Министерството за животна средина и просторно планирање. Заложба за јасни и конкретни мерки кои ќе доведат до намалување на аерозагадувањето, нивна јасна имплементацијата и следење за постигнување на конкретни и мерливи резултати.

- Континуирана кампања за намалување на аерозагадувањето и едукација на граѓаните

Анализа на годишните концентрации на PM2.5 и PM10 во 2019 година на мерните станици во државава и споредба со препорачаните максимално дозволени на СЗО. Број на денови годишно во дозволените граници и над нив по мерни станици. Топ 5 највисоки часовни и дневни концентрации во 2019 година за PM2.5 и PM10 на мерните станици во државава.

Барање за поставување на мерни инструменти за PM2.5 на станиците кои не ги мерат. На крајот од годината поставени се на мерните станици во Лисиче, Гази Баба, Битола 1, на крај на март 2021 година на мерните станици Ректорат, Миладиновци, Кичево, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Велес 2, Струмица.

Постојан притисок да се обезбеди континуиран мониторинг на квалитетот на воздухот на сите мерни станици.

Водач на заедницата на skopje.pulse.eco, платформа на индикативни мерни инструменти за квалитет на воздухот и нивото на бучава

Барање за промена на начинот на греење на државни установи, со приоритет на здравствените и образовните и исполнување на ветувањето од програмата на Владата до 2024 година да нема институција која ќе се грее нееколошки. Како резултат на претходен јавен притисок, во септември 2020 е завршена гасификацијата на Специјалната болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" во Чаир.

Анализа на ниските одвоени средства од Буџетот за 2021 година за намалување на аерозагадувањето ви за ви други ставки и намени.

Анализа на годишните планови за јавни набавки на здравствени и образовни установи, јавни претпријатија каде се покажува дека не е планирана гасификација и промена на начниот на греење од мазут/лесно масло, спротивно на ветувањата.

Алармирање за загадувањето од Македонски Железници Транспорт АД-Скопје и прашања до надлежните.

Компарација на број на жртви од ковид-19 и аерозагадувањето и потреба од иста мобилизација за намалување на аерозагадувањето и неговите жртви.

Актуелизирање на хроничниот проблем со палење на стрништа, диви депонии, кабли, гуми и барање за негово решавање. Барање за зголемена и вонредна инспекција и за време на полицискиот час од надлежните инспекторати по пример на зголемените инспекциски надзори на Државниот пазарен инспекторат.

Актуелизирање на загадувањето од сообраќајот и проблемот со техничкиот преглед на возилата, праксата на дупчење на старите филтри на испуст и поминувањето на овие возила на технички преглед.

Анализа на податоци од извештаи на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги и ДЗС за зголемена потрошувачка на петрол-кокс, мазут, дизел, бензин во 2019 во однос на 2018 и 2017, спротивно на декларативните заложби на власта за намалување на аерозагадувањето и Зелениот договор на ЕУ, како и Целите за одржлив развој на Обединетите Нации.

Компаративна анализа на акцизите на мазут, јаглен и кокс, керозин, дизел, бензин во одредени земји на ЕУ и кај нас, која покажува многу ниски или никакви акцизи на овие енергенси кај нас. Новиот Закон за акцизи од мај 2019 година, како основа за зголемена потрошувачка на петрол-кокс и мазут. Со овој закон овие енергенти се ослободуваат од плаќање на акциза во редица случаи, со што како резултат ја имаме нивната зголемена, наместо намалена употреба.

Анализа на потрошувачката на петрол-кокс во 2020, до октомври, споредбено со 2019 и 2018, која покажа драстично зголемување во однос на 2019. Ослободувањето од акциза на петрол коксот за цементарници, тулани и редица други процеси не смее да продолжи.

Анализа на потрошувачката на дизел во земјава од 2006 до 2019 година, зголемена за три пати од 2006, додека во ЕУ се забрануваат дизел возилата.

Податоци и документи кои ги добивме за увоз на опасно масло наместо мазут од фирмата РКМ, ги доставивме до екипата на КОД, која врз нивна основа направи цела емисија за увоз на опасно масло во земјава.

Алармирање за увоз на опасно масло, анализа на документите, немање на соодветни мерења од надлежните, штетноста на ПХБ (ПолиХлорирани Бифенили) кои се содржат во опасните масла.

Барање да се преземат мерки за намалување на аерозадаувањето во услови на пандемија со ковид-19.

Јавен притисок за промена на начинот на греење на домаќинствата, носење на Законот за контрола на индустирски емисии, со кој ќе има построги гранични вредности на емисии за индустриските загадувачи, носење на Правилникот за еколошката категоризација на возилата и налепниците, спроведување на потпишаните предизобрни барања на градоначалниците.

Актуелизирање на проблемот со градежната прашина, која знае да е огромна поради не спроведување на ЕУ стандарди при рушење и градење кај нас.

Актуелизирање на загадувањето од Пејпер Мил во Кочани и преземените активности од страна на ДИЖС, каде фабриката е задолжена да вгради филтри.

Доставени забелешки на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух до заменик-министерката за животна средина.

- Континуиран фокус на проблемот со отпадот

Кампања за забрана на увозот на отпад како енергенс.
Анализа на увоз на отпад, анализа на состојбата во регионот со увезен отпад, компарација со случајот во Бугарија каде обвинителството отвори истрага за увезен отпад од Италија, каде управителот на фирмата Блацион која го увезла отпадот е во собирот на содружници на Дрисла. Содружник во Блацион е и Горан Ангелов, кој е инаку извршен директор на Дрисла. Дирекцијата за истрага против мафијата (DIA) во Италија води голема истрага за трговијата со отпад, координирана од националниот обвинител за борба против мафијата и тероризмот. Причина е склучениот пакт помеѓу трите мафии Камора, Ндрангета и Коза Ностра за контрола на депониите на Балканот и извезување на комуналниот и индустриски отпад од Италија и други земји во нашиот регион. Од овие причини италијанскиот  обвинител за борба против мафијата редовно ја посетува нашата земја и другите од регионот кои се таргет на италијанската мафија. Италија, Бугарија, Романија, Албанија сметаат дека имаат голем проблем со трговијата на отпад.
Иницирано од едно од барањата на здружените граѓански организации како Зелен Фронт во 2019 година за забрана за увоз на отпад како енергенс, пратеничките на ДОМ поднесоа предлог-измена на законот за управување со отпад со оваа измена.
Лобирање и јавен повик до пратениците во Собрание да ја изгласаат забраната за увоз на отпад кој се согорува. Анализа на случаи во Словенија, Романија, Италија, Усје. Испратени анализи и податоци до пратениците на Собрание и соопштение до медиуми.
Гласањето на законот се одложува. Повик до координаторите на пратеничките групи да кажат кој и каков проблем имал со законот за отпад, зошто се прескокнала таа точка на дневен ред. Причината за прескокнување на гласањето е СДСМ која барала дополнителни консултации, зошто земјата е потписник на Базелската конвенција, а според координаторот на пратеничката група на СДСМ, сите спогодби биле поврзани по принципот на реципроцитет, што не е точно. Претставници на МЖСПП, на чело со заменик-министерот Јани Макрадули ја манипулираа јавноста со заплашување дека ако забраниме увоз на отпад како извор на енергија, опасниот отпад од Охис ќе ни остане, нема да може да го извеземе.
Објава на факти за Базелската конвенција, со примери од земјите во регионот. Лобирање кај пратениците и медиумите.

Повторно СДСМ го кочи процесот за носење на забрана за увоз на отпад како енергенс. Повторно нема гласање. Остануваат уште 10 дена пред да се распушти Собранието поради најавени избори. Продолжуваме со објави и презентирање на факти по однос на изјавите на заменик-министерот за животна средина.
Јавен повик до претседателот на Собрание да свика седница.
КОД објавува емисија посветна на увозот на отпад во нашава земја.
Анализа на профитот на Усје, судирот на интереси и поврзаност на лабораторијата за земање на примероци од камионите за отпад за Усје со Усје. Нејзини клиенти се Усје.
Анализа на податоци за увоз на отпад од ДЗС, МЖСПП и од емисијата КОД, за опасен отпад, нетранспарентност за деловни субјекти, не ажурираност на податоци за загадувачи.
Остануваат уште 4 дена пред распуштање на Собранието, седница не се закажува.
Анализираме кој има право да свика седница во Собранието според Деловникот, дека може и на барање на претседателот на Републиката, Владата и најмалку 20 пратеници.
Интензивирано лобирање, повик до пратеници, претседател, Влада да ја свикаат седницата за законот за забрана за увоз на отпад како енергенс. Достава на соопштение до медиуми.
Епилог: седницата ја свикуваат тој ден и забраната за увоз на отпад како енергенс се изгласува веднаш. Од 102 присутни пратеници, 62 гласаат за.
На барање на граѓаните, ја објавивме листата на пратеници како гласале и од која партија се.
Објавена реакција на изјавите на Усје, каде презентираме факти за типот на горива кои ги користат, дополнителни мерења кои се бараат при согорување на отпад, не работење според најдобро достапни технологии.

На иницијатива на О2 Општина Кисела Вода организира настан „Отстранување, дислоцирање, уништување и неутрализирање на хемиски материи од локаци и производни погони во кругот на АД „Охис“ во стечај на бул “Борис Трајковски “бр. 73“. Излагања имаа Екоцентар 97, стечајниот управник на Охис, МЖСПП, ДИЖС, град Скопје. Присуство на настанот со наш претставник и поставување на прашања.

Учество во Трибина во организација на Демократскиот Сојуз за отпадот и неговото складирање.

Доставено барање до град Скопје за имплементација на акциски план за примена на Регионалниот план за управување со отпад за Скопски регион.

Јавно повикување на несоодветното работење на главниот инспектор и раководителот на секторот за инспекциски надзор во животна средина и природата во ДИЖС, од случајот со Еко Клуб и медицинскиот отпад, излевањето на токсична хемикалија во Охис, кога Вардар пожолте од излевање на индустриски отпад.

Анализа на надлежностите на инспекторите за случајот со начинот на третирање на медицински отпад во Еко Клуб, дозволите кои ги поседува, опасниот отпад кој може да го третира. Јавно отворање на прашањето зошто ОЈО, ДИЖС, инспекторат на град Скопје не ги бараат снимките од 24ч надзор во Еко Клуб, согласно законот.

Анализа на неспроведувае на законските можности за постапување и надзор во случајот на дивата депонија во општина Ѓорче Петров, кај Ново Село. Генералното непостапување и кај Вардариште, депонијата кај Визбегово.

Објавено видео од исфрлање на градежен шут во Трнодол. Епилог: причинителот е пронајден и изречена му е казна.

Јавни прашања до МЖСПП за давање на дозвола за работа со опасен отпад во круг на погони за храна.

Реакција на секојдневни слики на расфрлано ѓубре. Објава на податоци од МВР за изречени казни за 2018 и 2019 по член 14 од Законот за јавна чистота кој наведува забранети дејствија заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини. Повик до инспекциските служби на општините и град Скопје да ги објавуваат јавно изречените казни.

Поддршка на протестот во Маџари за Вардариште и зошто таму не смее да има истовар на отпад.

- Континуирана кампања за одвојување на повеќе средства за заштита на животната средина од буџетите на државата, градот Скопје и општините

Доставени предлог-амандмани на Буџетот на РСМ за 2021 година до пратениците на зелената парламентарна група за решавање на конкретни проблеми во животната средина.
Амандманите беа поднесени од пратеници на зелената парламентарна група.
Усвоен беше амандманот за акредитација на Централната лабораторија за животна средина на МЖСПП за емисии за ПМ честички за потребите на инспекторите. Со ова се овозможува акредитирано мерење на емисиите на ПМ честичките и ако има надминувања, соодветно изрекување на казни од страна на инспекторите.
Усвоен беше и амандманот за ажурирање на Катастарот на загадувачи и загадувачки супстанции во воздухот и изработка на локални катастри, но со изменета, повеќе симболична сума од 100,000 денари.

Доставени барања за амандмански измени на Буџетот за 2021 година, во програмата за заштита на животната средина и природата, за доделување средства за намалување на аерозагадувањето и мониторинг на квалитетот на воздух, до градоначалниците, советниците и надлежните од секторите за животна средина на град Скопје и општините Карпош, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Ѓорче Петров, Сарај, Шуто Оризари, Сопиште, Чучер Сандово, Илинден, Студеничани, Арачиново, Петровец, Зелениково.
Доставено барање до градоначалникот и претседателот на Совет на оппштина Карпош за присуство на онлајн седницата на советот каде ќе се разгледува Буџетот за 2021 година. Бевме спречени да се вклучиме и испративме до медиумите соопштение за ускратување на законски дадените права и затворените седници на општина Карпош.

Доставени забелешки за барања за животна средина на Буџетот за 2021 година за општина Центар до претседателот на совет. Присуство на седницата на Совет на општина Центар.

Анализа на одливот на средства од буџетот наменет за партиите, наспроти образложувањата дека нема доволно средства за намалување на аерозагадување.

Анализа на буџетот на МЖСПП за 2021 година, споредба на побараниот буџет и доделениот, со сите кратења.

Анализа на намалување на средствата за животна средина со двата ребаланса на Буџетот за 2020 година.

Анализа на Буџетот за 2021 година, буџетот на МЖСПП, компарација на собраните даноци за животна средина од 2014-2018 и предвидените средства за животна средина за 2021, компарација на средствата предвидени за намалување на аерозагадувањето, отпадните води,

отпадоците, кои се само дел од средствата одвоени за финансирање на политичките партии и исплата до странските компании.

Компарација на планот на Франција за инвестирање од пакетот за корона во зелена економија и плановите на нашата Влада.

Реакција на неспроведување на ветениот пренос на седниците на советите и објавување на видео записи на град Скопје и општина Центар. Град Скопје како резултат на повеќегодишниот притиоск започна со пренос на седниците во 2021 година.

- Урбанизам

Присуство на седница на општина Центар за конкурс на локацијата Треска.

Доставено барање за запирање на постапката на Јавна анкета за ДУП З04 блок 02 во општина Карпош и нејзино одлагање за период кога ќе се намали опасноста од пандемијата на ковид-19, со транспарентна и инклузиван застапеност на сите заинтересирани лица на јавната презентација.

- Средба со иновативна компанија Металотехника од Прилеп за зелен водород, реактори за потполно согорување, енергетска ефикасност

- Учество во конференцијата „Како до ефикасен инспекциски надзор против загадувањето? " во организација на Зелен Институт

- Континуирани реакции за сеча на дрвја во урбани средини и шуми. Анализа на состојбата на Водно, пред и по трасата на гасоводот, две години потоа.

- Континуирана интензивна соработка со медиумите, користење на нашата фејсбук страна како извор на информации за нив

- Континуирана соработка со и едукација на граѓаните кои ни се обраќаат, како да поднесат претставки, жалби, до кои надлежни институции, иницијативи до Уставен суд, барања до советниците во нивните општини…